# ПОКАНА

## Меѓународна тркалезна маса: „Дигитална пристапност за инклузивно општество“

**Датум:** 25 март 2026
**Време:** 11:00-13:00 часот
**Место:** Голем амфитеатар на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Скопје
**Јазик:** Англиски

### За настанот

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Ве поканува на **меѓународна кружна маса посветена на дигиталната пристапност**, организирана во рамките на проектот WebEmpower.

Настанот се организира во контекст на серијата тематски работилници што ќе се одржат на 24 март 2026 година со претставници на јавниот сектор, ИКТ професионалци и корисници со попреченост, на кои ќе се разгледуваат различни аспекти на дигиталната пристапност. Дел од клучните согледувања и препораки од овие работилници ќе бидат претставени и дискутирани на тркалезната маса.

Во време кога дигиталната трансформација сè повеќе го обликува општеството, обезбедувањето пристапни дигитални услуги за сите граѓани станува клучен предуслов за инклузивен и демократски развој. Настанот има за цел да отвори дијалог за значењето на дигиталната пристапност и нејзината улога во развојот на инклузивно дигитално општество. Со отворањето на оваа дискусија, Северна Македонија ја потврдува својата заложба за инклузивна дигитална трансформација и за европските вредности на еднаквост, пристапност и општествено учество.

### Цели

Целта на тркалезната маса е да се разменат искуства и перспективи за состојбата и развојот на дигиталната пристапност во Северна Македонија и да се поттикне соработка помеѓу институциите, академската заедница, ИКТ секторот и заедниците на лица со попреченост.

Настанот ќе овозможи дискусија за:

- значењето на дигиталната пристапност како дел од современите политики за дигитална трансформација;
- улогата на академските институции, јавниот сектор и ИКТ заедницата во унапредување на пристапноста;
- искуствата и перспективите на лицата со попреченост при користење дигитални услуги;
- можностите за понатамошна соработка во развојот на инклузивни дигитални услуги.

## Поздравни обраќања

Во дискусијата ќе учествуваат следните експерти и претставници од академската заедница:

- **проф. д-р Петре Ламески**, декан на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)
- **претставник на Министерството за дигитална трансформација**
- **претставник на Амбасадата на Република Словенија во Северна Македонија**
- **Лука Најденов**, претставник на Центарот за меѓународна соработка и развој (CMSR), Словенија

## Учесници во дискусијата

Во дискусијата ќе учествуваат експерти и претставници од академската заедница:

- **проф. д-р Сашо Граматиков** – раководител на проектот WebEmpower во Северна Македонија и професор на ФИНКИ
- **Antun Smerdel** – експерт за дигитална пристапност со оштетен вид од Словенија и долгогодишен аналитичар за пристапност. Како корисник на асистивни технологии, ќе сподели увид во начинот на кој лицата со оштетен вид ги користат дигиталните услуги.
- **Bart Simons** – експерт за веб-пристапност и претставник на белгиската организација **Anysurfer**, која ја разви тростепената методологија за евалуација на веб-пристапност применета во проектот WebEmpower. Во дискусијата ќе се вклучи **онлајн**.
- **Леонид Индов** - студент на ФИНКИ со мобилна попреченост, ќе сподели корисничка перспектива за пристапноста на дигиталните услуги на факултетот.
- **Петар Христовски и Филип Најдовски** – експерти од компанијата EaseAccess24 ќе говорат за решенијата за веб пристапност кои ги нуди компанијата
- **Maša Malovrh** – експерт за дигитална пристапност и раководител на секторот за пристапност во организацијата Beletrina (Словенија), која ќе ја модерира дискусијата.

## Организатор

Настанот се организира во рамките на проектот WebEmpower, кој го спроведува Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (**ФИНКИ**) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со финансиска поддршка од Центарот за меѓународна соработка и развој (**CMSR**) на Република Словенија и програмата **Slovenia Aid & Partners**, и со официјална поддршка од Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

## Регистрација

Ве молиме да го **потврдите вашето учество** со пополнување на следниот формулар за регистрација. Во формуларот можете да наведете доколку имате посебни потреби поврзани со пристапноста.

По завршувањето на настанот е предвидено **коктел-дружење**.

Ве охрабруваме оваа покана да ја проследите и до други лица во вашата институција или организација кои се поврзани со управувањето, развојот или одржувањето на веб-страниците, како и до сите заинтересирани страни за кои учеството на оваа работилница може да придонесе кон подигнување на свеста и унапредување на дигиталната инклузија на веб-страниците во јавниот сектор.

Со почит,

Тимот на WebEmpower
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
http://www.webempower.finki.net.mk.
webempower@finki.ukim.mk